РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-313/2
15-07-2025

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 20 - та седница, одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по пријава заведена под број 09-313/1 од 22.01.2025 година, со наводи за судир на интереси, непотизам на вработени во ЈЗУ Клиничка Болница – ------------ кои се во роднинска врска, како и сомнеж за нивно влијание во постапка за избор на ВД директор во истата здравствена установа, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека наводите кои се однесуваат на систематизацијата во установата и дисциплинските постапки водени против подносителот на пријавата, веќе е постапувано, и по утврдување на фактичка состојба донесена е Одлука со бр. 12-7164/3 од 28.10.2022 година. Во врска со другите наводи од пријавата, ДКСК утврди дека нема укажувања за незаконити или недозволени дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 14.11.2024 година, поднесена е пријава со наводи за судир на интереси и пречки во совесното работење кај вработени во ЈЗУ Клиничка болница – ------------ од причина што голем дел од вработените биле членови од прв ред на семејство, по што првично оформен е предмет број 12-2926/1 во Секторот за спречување на корупцијата. Со службена белешка од Колегиумот на ДКСК одржан на ден 20.01.2025 година предметот е префрлен за постапување во

Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање и е оформен предмет бр. 09-313/1 од 22.01.2025 година.

Имено, од страна на познат подносител доставена е пријава со кое пријавителот бара од Државната комисија да изврши Ревизија на работните места, задачи и новоназначени функции во ЈЗУ Клиничка болница -------------. По однос на дел од наводите во пријавата кои се однесуваат на систематизацијата во здравствената установа и дисциплинските постапки водени против подносителот на пријавата ДКСК има донесено Одлука бр. 12-7164/9 од 28.10.2022 година.
Понатаму, пријавителот во пријавата изнесува наводи дека при одржан состанок со Министерот за ------------ во јули 2024 година, била спречена да приложи кандидатура за упразнето место ВД. Во однос на овие наводи, видно од пријавата и доставени списи, ДКСК констатира дека кандидатура по однос на работно место ВД директор не е поднесена / доставена и изборот за ВД директор на -------------- установа е направен од страна на министерот за ----------------.

Согласно со член 107 став (1) и (2) од Законот за ---------------- („Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24 и 74/24),
„ (1) Директор на јавна ------------- установа се именува врз основа на јавен конкурс распишан од управниот одбор на јавната -------------установа.
(2) Директорот на јавна --------------- установа го именува, односно разрешува министерот за ------------".
Согласно член 108 став (6) од Законот за ---------------- („Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24 и 74/24),
„(6) Ако по распишаниот конкурс не се именува директор, министерот за ---------------- во рок од пет дена именува вршител на должноста директор до именување на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци". Согласно ова Министерот за ------------------има дискрециона право при изборот на в.д. директор на ------------------- установа.

Понатаму, во однос на наводите во пријавата за непотизам односно дека во ЈЗУ Клиничка болница – -------------се вработени лица кои се роднински поврзани и членови на неколку семејства и тоа посочени се лицата: лаборант -------------- негов

син ------------- вработен на -----------------, ---------------- отпад одговорна ---------------, нејзина ќерка -------------- вработена на ----------; економско работење -----------------, нејзина ќерка -------------- вработена како ----------------; ---------------- медицина ---------------, негова сестра ------------- вработена на психијатрија; -------------- ----------------, негова сопруга ------------- вработена на ----------и други.

По разгледување на овие наводи, Државната комисија констатира дека истите не укажуваат на постоење на состојба која е во спротивност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во кои не постои забрана блиски лица да бидат вработени во ист орган. Ваква забрана не е предвидена ниту со Законот за ---------------------.

Член 56 став 1 од ЗСКСИ забранува да службено лице врши влијание при вработување блиски роднини но во пријавата не се изнесени наводи со таква содржина.

Имено, согласно член 56 став 1 е предвидено следното:

“(1) Службено лице не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано.„

Пријавувањето на состојба на судир на интереси е регулирано со член 73 став (1) од ЗСКСИ:

„(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето “.

Согласно член 74 став (1) од ЗСКСИ:

„ (1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси “.

Од наведените причини, а со оглед на тоа што дека за дел од наводите веќе е постапувано, за дел од наводите нема конкретни информации и податоци за извршено влијание или учество во постапки за вработување на блиски лица од страна на пријавените лица, Државната комисија на седницата одржана на ден

04.07.2025 година заклучи дека нема елементи за преземање мерки за натамошно надлежно постапување по конкретниот предметот.

Од вака утврдената состојба ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З-раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р. -член на ДКСК

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut